Република Северна Македонија

**Министерство за социјална политика, демографија и млади**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Politikës Sociale, e Demografisë dhe e të Rinjve**

MQS

Сертифициран систем според ISO 9001:2015 Бр. Q-1129/0

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 20 2654/2
24-03-2025 20 год. / viti

# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА
# УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ
# ОРГАН ВО СОСТАВ НА
# МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФЈА И МЛАДИ

**2025-2027 година**

Скопје 2025

Содржина

1. ВОВЕД ..... 4
1.1. МИСИЈА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ..... 5
1.2. ВИЗИЈА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ..... 5
1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ..... 5
1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО ОДНОС НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ..... 5
1.5. СТРУКТУРА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ..... 7
1.6. УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО ОДНОС СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ ..... 7
1.7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ..... 7
2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА УПБВИ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА ..... 11
2. 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА– ЗАШТИТА НА БОРЦИТЕ, ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ ..... 11
3. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА УПБВИ ..... 30

Почитувани,

Управата за прашања за борците и воените инвалиди е орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади и согласно своите надлежности обезбедува остварување на права од боречка и инвалидска заштита на борците, воените инвалиди и на членовите на нивните семејства, на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, на учесниците во мировни мисии, на учесниците во Народноослободителната војна (НОВ), на прогонуваните и затворани лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност.

Управата за прашања за борците и воените инвалиди во делокруг на своите надлежности се грижи и за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Северна Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Северна Македонија, кои се загарантирани и регулирани, со посебни законски прописи за кои се обезбедуваат финансиски средства од Буџетот на Република Северна Македонија, преку Министерството за социјална политика, демографија и млади. Стратешкиот план е документ со кој се утврдува Програмата за остварување на правата на борците, воените инвалиди и членовите на нивните семејства со што се обезбедува социјална сигурност.

Очекувам имплементацијата на Стратешкиот план за периодот 2025-2027 година на УПБВИ, со целосна и поголема посветеност на вработените, во целост да се реализира, со што ќе се придонесе за обезбедување на поголема сигурност на борците и воените инвалиди и нивните семејства, согласно целите, приоритетите и политиките на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои се усогласени со Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија.

министер
Fatmir Limani

# 1. ВОВЕД

Стратешкиот план на Управата за прашања на борците и воените инвалиди за периодот 2025-2027 година, претставува пишан документ во кој се наведени главните карактеристики на Управата, како што се: мисија, визија, задачи и обврски на органот, специфичности, организационата структура на Управата за прашања на борците и воените инвалиди, подрачните единици во нејзин состав, координирани со приоритетните цели на Министерството за социјална политика, демографија и млади кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија за 2024-2028 година. Исто така, направен е осврт на постигнатите резултати за 2023 и 2024 година. Во делот на матрицата е дефинирана програмата, потпрограмите и активности на УПБВИ. Стратешкото планирање, како сет од избор на активности, претставува организиран процес на колективни промени, кои опфаќаат цели, ресурси, критериуми за избор, структури, организациони, институционални и персонални односи, кои ја сочинуваат сржта на овој процес. Стратешкиот план, како основен инструмент, ги одразува приоритетите, целите и задачите на УПБВИ, координирани со приоритетните цели на во Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои се во согласност со стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија, за период од три години.

Овој стратешки план, претставува водич на сите вработени во Управата за прашања на борците и воените инвалиди во однос на исполнување на нивните задачи, принципи, вредности, начела[1] и обврски. Функцијата на самиот документ, имплицира потреба од анализа на програмата и потпрограмите, како и мониторинг на постигнатите резултати. Консеквентно на тоа, се наметнува потреба од идни насоки за следните чекори кои треба да се преземат, со цел постигнување на посакуваните резултати на УПБВИ, координирани со приоритетните и целите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија.

Реализацијата на програмата, потпрограмите и активностите кои произлегуваат од стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, ќе овозможат:

- ✓ Обезбедување на забрзан и одржлив економски раст, повисок животен стандард и квалитет на живот на граѓаните
- ✓ Унапредување на социјалната сигурност, животниот стандард на граѓаните кои се наоѓаат во социјален ризик и подобрување на децентрализацијата на социјалните услуги во локалната самоуправа.

[1]Принципите, вредностите и начелата на УПБВИ како орган во состав се исти како и тие кои се наведени во Стратешкиот план на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

### *1.1. МИСИЈА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

Обезбедување на стабилен јавен систем за остварување на права од боречка и инвалидска заштита.

### *1.2. ВИЗИЈА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

Создавање на современ орган на државната управа за остварување на права од боречка и инвалидска заштита.

### *1.3. ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

Управата за прашања на борците и воените инвалиди својата мисија ја остварува преку спроведување на следните надлежности:

- Спроведување на политики, мерки и активности за развој на социјална сигурност, во согласност со начелото на социјална праведност преку системите на заштита на борците и воените инвалиди, на членовите на нивните семејства, на припадниците на безбедносните сили на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства, на учесниците во мировни мисии, на учесниците во Народноослободителната војна (НОВ), на прогонуваните и затворани лица за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност, согласно постојните прописи на Република Северна Македонија и

- Развој и имплементација на ефикасни, ефективни, хоризонтално-вертикални политики, согласно со проектираниот буџет на Министерството за социјална политика, демографија и млади.

### *1.4. СПЕЦИФИЧНОСТ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО ОДНОС НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ*

Управата за прашања на борците и воените инвалиди е специфичен орган во составот на Министерството за социјална политика, демографија и млади бидејќи единствено преку него се остваруваат права од боречка и инвалидска заштита, односно се реализираат активности за остварување на:

- Правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци,

- Правата на мирновремениски воени инвалиди,
- Посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства,
- Посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и на членовите на нивните семејства,
- Правата на учесниците во војната во републиките на поранешната СФРЈ, на припадниците на вооружените сили на поранешната ЈНА и на членовите на нивните семејства,
- Правата на борците од Антифашистичката војна, учесниците во НОД во Грција и НОДЕМ во Егејскиот дел на Македонија,
- Правото на материјалното обезбедување на учесниците во НОВ
- Правата на прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност како и заштитата на членовите на нивните семејства,
- Остварување на правата на носителите на партизанска споменица 1941, на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година

***Специфичноста на Управата за прашања на борците и воените инвалиди во однос на Министерството за социјална политика, демографија и млади се однесува и на:***

- Грижата, обележувањето, уредувањето и одржувањето на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Северна Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Северна Македонија,
- Следење и спроведување на прописите од надлежност на Управата за прашања на борците и воените инвалиди и нивната усогласеност со меѓународните прописи;
- Подготвување на предлог закони и други прописи од боречка и инвалидската заштита и нивно следење,
- Стручна обрабстка и давање мислење од значење и примена на односите во овој домен, кои се уредени со закон или друг акт и
- Планирање на потребните средства и исплатата на средства за боречка и инвалидска заштита.

### *1.5. СТРУКТУРА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

Управата за прашања на борците и воените инвалиди, согласно Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика[2] и Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за труд и социјална политика, организациски е составена од Сектор за боречка и инвалидска заштита, организиран во две одделенија, и тоа:

- Одделение за остварување на права од боречка и инвалидска заштита и
- Одделение за евиденција и контрола на остварени права од боречка и инвалидска заштита.

Спроведувањето на работниот процес во Секторот за боречка и инвалидска заштита е организиран преку вработените во централната канцеларија на Управата и во 34 - те Подрачни единици, и тоа: 5 во Скопје и по 1 во Битола, Берово, Македонски Брод, Валандово, Виница, Велес, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Неготино, Охрид, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово и Штип .

### *1.6. УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО ОДНОС СО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ*

Со Законот за организација на органите на државната управа, Управата за прашања на борците и воените инвалиди е дефинирана како орган во состав на Министерството за социјална политика, демографија и млади, составен од еден сектор и две одделенија со кои раководи директор.

### *1.7. ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

Управата за прашања на борците и воените инвалиди за следниот тригодишен период постави среднорочни цели, согласно стратешките приоритети и цели на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои произлегуваат од Одлуката на Владата на РСМ во 2024-2028 година и останатите национални стратешки документи. Истите се дефинирани врз основа на потребите на главните корисници на услугите, односно:

- За учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на Република Северна Македонија и на членовите на нивните семејства,

---

[2]Во тек е подготовка на нова систематизација и внатрешна организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади

- За заштитата на борците од Антифашистичката војна, учесниците во НОД во Грција и НОДЕМ во Егејскиот дел на Македонија, учесниците во војната во републиките на поранешната СФРЈ, на припадниците на вооружените сили на поранешната ЈНА и на членовите на нивните семејства,
- За остварување на правата на мирновременски воени инвалиди, остварувањето на правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, на посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и на членовите на нивните семејства,
- За прогонуваните и затвораните за идеите на самобитноста на македонскиот народ и неговата државност како и заштитата на членовите на нивните семејства,
- За правата на носителите на партизанска споменица 1941, на лицата одликувани со орден на народен херој и на борците од Шпанската националноослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година, на материјалното обезбедување на учесниците во НОВ и
- За обезбедување на грижа за обележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на паднатите борци.

Приоритетите и целите на Управата за прашања на борците и воените инвалиди се утврдени согласно направената анализа за внатрешното и надворешното опкружување, актуелната социо- економска состојба, социјалната инклузија, со цел исполнување на обврските координирани со приоритетните цели на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кои се во корелација со Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024-2028 година и останатите национални документи.

## *1.8. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ ВО 2023 ГОДИНА*

Стратешкиот план на Управата за прашања на борците и воените инвалиди се состои од две потпрограми и тоа:

- Заштита на борците, воените инвалиди, членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци и
- Заштита на носители на партизанска споменица и на корисниците на материјално обезбедување

Постигнати резултати во 2023 година, донесени се вкупно 311 решенија, за остварени права согласно со закон и тоа:

- Склучен е (еден) договор со јавна здравствена установи за бањско климатско лекување во времетраење од 1 (една) година кој важеше во текот на 2023 година
- За престанок на право донесени се вкупно 105 решенија и тоа за: престанок на право на воен инвалидитет 36, за престанок на право на материјално обезбедување 11, за престанок на право на семејна инвалиднина 48, за престанок на право на инвалидски додаток 2, за престанок на право на додаток на деца 6, престанок на право на здравствено осигурување 1;
- за остварување на права од боречка и инвалидска заштита, донесени се 69 решенија и тоа за: остварување на право на еднократна парична помош во случај на смрт на воен инвалид 35,заостанати примања за воени инвалиди 6, заостанати примања за корисници на семејна инвалиднина 1, заостанати примања за материјално обезбедување 2, еднократна парична помош за корисници на материјално обезбедување 2, Партизанска споменица 1 решение, за остварување на право на семејна инвалиднина 13, остварување на право на инвалидски додаток за корисници на воена инвалиднина 4 решенија, остварување на право на инвалидски додаток за корисници на семејна инвалиднина 2, за здравствено осигурување на корисници на семејна инвалиднина 2 и за здравствено осигурување на воени инвалиди 1.
- Лекарските комисии донеле вкупно 137 наоди и мислења, а Управата изработила 137 решение и тоа: 7 решенија за стекнување на својство на воен инвалид, 5 решенија за продолжување на својство на воен инвалид, 16 решенија зголемување на процент на воен инвалидитет, 10 решенија за додаток за помош и нега од страна на друго лице, 1 решение за ортопедски додаток и 98 решенија за бањско и климатско лекување
- Реализирани се 6 (шест ) исплати на право на здравствено осигурување и здравствена заштита
- Реализирани се 6 (шест) исплати на права од боречка и инвалидска заштита
- Реализирани се 2 (две) исплати на воена инвалиднина на странски корисници со живеалиште во Турција

## *1.9. ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ ВО 2024 ГОДИНА НА УПРАВАТА ЗА ПРАШАЊА НА БОРЦИТЕ И ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ*

- Склучени се 6 договори со приватни и јавни здравствени установи за бањско климатско лекување во времетраење од 1 (една) година за тековната 2024 година
- За престанок на право донесени се вкупно 63 решенија и тоа за: престанок на право на воен инвалидитет 28, за престанок на право на материјално обезбедување 8, за престанок на право на семејна инвалиднина 26, за престанок на право на инвалидски додаток 1;
- за остварување на права од боречка и инвалидска заштита, донесени се 30 решенија и тоа за: остварување на право на еднократна парична помош во случај на смрт на воен инвалид 18,заостанати примања за воени инвалиди 1 и еднократна

парична помош за корисници на материјално обезбедување 1, за остварување на право на семејна инвалиднина 8, остварување на право на инвалидски додаток за корисници на воена инвалиднина 4 решенија, остварување на право на за здравствено осигурување на корисници на воена инвалиднина 1 и за додаток за деца 1 решение.

- Лекарските комисии донеле вкупно 50 наоди и мислења, а Управата изработила 50 решение и тоа: 2 решенија за стекнување на својство на воен инвалид, 7 решенија за продолжување на својство на воен инвалид, 5 решенија зголемување на процент на воен инвалидитет, 3 решенија за додаток за помош и нега од страна на друго лице и 33 решенија за бањско и климатско лекување
- Изработени договори со приватни и јавни здравствени установи за бањско климатско лекување за 2025 година
- Изработена годишна Програма за обезбедување на средства за уредување на гробишта и гробови на паднати борци во антифашистичката војна и другите националноослободителни војни на Македонија погребани на територијата на Република Македонија

## 2. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА НА УПБВИ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА

ПРОГРАМИ И ПОТПРОГРАМИ

### *2. 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА– ЗАШТИТА НА БОРЦИТЕ, ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ*

**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

### 2.1. 1. ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА– ЗАШТИТА НА БОРЦИТЕ, ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ

**А: Оправданост и дизајн на Програмата**

| |
|---|
| **Образложение на Програмата:** ЗАШТИТА НА БОРЦИТЕ, ВОЕНИТЕ ИНВАЛИДИ, ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ СЕМЕЈСТВА И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ПАДНАТИТЕ БОРЦИ произлегува од стратешките приоритети од Одлуката на Владата на Република Северна Македонија во 2024-2028 година:<br><br>- економско зажизување на земјата, унапредување на енергетската транзиција, поттикнување силен циклус на економски раст, стабилни јавни финансии, подобрување на севкупната транспортна инфраструктура, зголемување на животниот стандард, подобар и поквалитетен живот за секого;<br><br>Како и **приоритетните цели од оваа одлука:**<br>-одржување на солиден економски раст, ефикасна распределба, транспарентност и отчетност на јавните ресурси и зголемен мониторинг во користењето и располагањето на јавните средства; |
| 2. НПАА |

**3.Стратешки приоритети на УПБВИ во корелација со органот на државната управа** (Министерството за социјална политика, демографија и млади):

- Обезбедување на подостапни услови за остварување на правата на борците, воените инвалиди, членовите на семејствата на паднатите борци, како и обезбедување на услови за нивна реализација.

**3.1.Цели на УПБВИ во корелација со органот на државната управа** (Министерството за социјална политика, демографија и млади):

- Унапредување на системот на правата и услугите од боречка и инвалидска заштита.

| | | |
|---|---|---|
| Програмата е: | хоризонтална | X вертикална |

Цел на програмата:

Заштита и унапредување на правата на борците и воените инвалиди, обезбедување на права на семејствата кои се грижеле за борците и воените инвалиди, спроведување на правата кои ги имаат корисниците на материјално обезбедување, грижа за гробовите и гробиштата на паднатите борци, како и заштита и имплементација на правата на носителите на Партизанска споменица, народните херои и шпанските борци.

| | |
|---|---|
| Назив на Потпрограмата: **Заштита на борците, воените инвалиди,членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци** | **Цел на Потпрограмата:**<br>❖ Унапредување и остварување на права и услуги од областа на боречка и инвалидската заштита; |

**Показатели за успех на Потпрограмата:**

Правата од боречко – инвалидска заштита остварени во рок, обем и начин, утврден согласно со Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци, вклучувајќи ги и правата пропишани со Законот за посебните права на припадниците на безбедносните сили на РМ и на членовите на нивните семејства и Законот за посебните права на учесниците во мировните операции и операциите за колективна одбрана надвор од територијата на РМ и на членовите на нивните семејства.

Очекувани резултати од Потпрограмата:

Повисок животен стандард и квалитет на живот, унапредени и остварени на права и услуги од областа на боречка и инвалидската заштита

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br><br>Остварување и исплата на правата од боречко - инвалидска заштита за: инвалидитет, семејна инвалиднина, инвалидски додаток, додаток за нега и помош, ортопедски додаток, додаток на деца. | **Показател за успешност:**<br><br>- Број на донесени решенија:<br>- % на првостепени решенија за утврдување на степен на мирновременски или воен инвалид од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за утврдување на семејна инвалиднина по основ на умрен воен инвалид или по основ на паднат борец од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за утврдување на инвалидски додаток за воени инвалиди и корисници на право на семејна инвалиднина од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за утврдување на право на помош и нега од друго лице од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за утврдување на право на ортопедски додаток од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за утврдување на право на додаток на деца од вкупен број на првостепени решенија. |
| **Резултат 2:**<br><br>Остварување и исплата на правото на здравствено | **Показател за успешност:**<br><br>- Број на донесени решенија, |

| | |
|---|---|
| осигурување и здравствена заштита (придонес за здравствено осигурување) и партиципација за лекување со плаќање на пропишаната партиципација за лекување од средствата на Буџетот на РСМ. | - % на првостепени решенија со кои се утврдува правото на здравственото осигурување и здравствена заштита (придонес за здравствено осигурување) од вкупен број на првостепени ни решенија,<br>-% на првостепени решенија за исплата на трошоци за партиципација за здравствено лекување од вкупен број на првостепени решенија |
| **Резултат 3:**<br><br>Остварување и исплата на правото на бањско и климатско лекување. | **Показател за успешност:**<br><br>- Број на донесени решенија,<br>- % на првостепени решенија за остварување правото на бањско и климатско лекување по даден наод и мислење од лекарска комисија од вкупен број на првостепени решенија,<br>- Број на склучени договори со бањско климатски лекувалишта. |
| **Резултат 4:**<br><br>Остварување и исплата на правото на патничко моторно возило и бесплатен и повластен превоз. | **Показател за успешност:**<br><br>- Број на донесени решенија,<br>- % на првостепени решенија за остварување на право на патничко моторно возило од вкупен број на првостепени решенија,<br>- % на првостепени решенија за надоместок на патни трошоци од вкупен број на првостепени решенија. |
| **Резултат 5:**<br><br>Остварување и исплата на еднократна парична помош, | **Показател на успешност**<br><br>-Број на донесени решенија, |

| | |
|---|---|
| заостанати примања и сместување во установа-дом. | - % на првостепени решенија за остварување на еднократна парична помош во случај на смрт на воениот инвалид од вкупен број на првостепени решенија,<br>- % на првостепени решенија за остварување на заостанати примања од вкупен број на првостепени решенија,<br>- % на првостепени решенија за остварување на право за сместување во установа - дом од вкупен број на првостепени решенија |
| Резултат 6:<br><br>Исплата на надомест на лекарските комисии за донесени наоди и мислења за утврдување на инвалидитет, потребата од додаток за нега и помош, степен на ортопедски додаток, способност за работа и бањско и климатско лекување. | **Показател на успешност**<br><br>-Број на донесени наоди и мислења,<br>- % на решенија за исплата на надомест на лекарски комисии по донесени наоди и мислења во првостепена постапка и комисија за бањско климатско лекување од вкупен број на првостепени решенија |

**Б: План за спроведување на Потпрограмата**

Резултат 1: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Водење на постапка за остварување и исплата по основ на | УПБВИ | МВР, АРМ | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 267.000.000 | 355.950.000 | 355.950.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| решенија за утврдување својство на мирновременски или воен инвалид. | | | | | | | | | | |
| 2. Водење на постапка за остварување и исплата по основ на решенија за корисник на семејна инвалиднина по основа на умрен воен инвалид или по основа на паднат борец. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 100.000.000 | 133.000.000 | 133.000.000 |
| 3.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на решенија за инвалидски додаток за воени инвалиди и корисници на семејна | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 21.000.000 | 27.800.000 | 27.800.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| инвалиднина. | | | | | | | | | | |
| 4. Водење на постапка за остварување и исплата по основ на решенија за додаток за туѓа нега и помош од страна на друго лице за воени инвалиди и корисници на семејна инвалиднина. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 35.000.000 | 47.000.000 | 47.000.000 |
| 5. Водење на постапка за остварување и исплата по основ на решенија за право на ортопедски додаток. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 13.000.000 | 17.000.000 | 17.000.000 |
| 6. Водење на постапка за остварување и исплата по основ на решенија за додаток на деца. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 1.000.000 | 1.200.000 | 1.200.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025):6 | | | | | | | | 437.000.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 6 | | | | | | | | | 581.950.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 6 | | | | | | | | | | 581.950.000 |
| Вкупно за резултат 1:18 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 437.000.000 | 581.950.000 | 581.950.000 |

Резултат 2: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата на право на здравствено осигурување и здравствена заштита (придонес за здравствено осигурување) | УПБВИ | Фонд за здравствено осигурување на РСМ | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 10.500.000 | 16.500.000 | 16.500.000 |
| 2.Исплата на трошоците за | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 500.000 | 670.000 | 670.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| партиципација за здравствено лекување | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025):2 | | | | | | | | 11.000.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 2 | | | | | | | | | 17.170.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 2 | | | | | | | | | | 17.170.000 |
| Вкупно за резултат 1:6 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 11.000.000 | 17.170.000 | 17.170.000 |

Резултат 3: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата на правото за бањско и климатско лекување по даден наод и мислење од лекарска комисија. | УПБВИ | Бањско-климатски лекувалишта | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 495.000 | 670.000 | 670.000 |
| 2. Склучување на | | Бањско- | 12/25 | 12/25 | 1 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| договори со јавни здравствени установи | УПБВИ | климатски лекувалишта | | | | | | | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025): | | | | | | | | 495.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): | | | | | | | | | 670.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): | | | | | | | | | | 670.000 |
| Вкупно за резултат 2:2 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 495.000 | 670.000 | 670.000 |

Резултат 4: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата на правото на патничко моторно возило. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 300.000 | 670.000 | 670.000 |
| 2. Обезбедување на книшки за бесплатно и | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | | | | Важноста на книшките | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| повластено возење за воените инвалиди и надоместок за патни трошоци. | | | | | | | | е 5 години. Во 2022 година се набавени и сеуште важат. | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025):1 | | | | | | | | 300.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 1 | | | | | | | | | 670.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 1 | | | | | | | | | | 670.000 |
| Вкупно за резултат 1:1 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 300.000 | 670.000 | 670.000 |

Резултат 5: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за еднократна парична помош во случај на починат | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 3.200.000 | 4.500.000 | 4.500.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| воен инвалид. | | | | | | | | | | |
| 2.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за исплата на заостанати - неисплатени парични примања. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 500.000 | 670.000 | 670.000 |
| 3.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за сместување во установа-дом. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно активности во тековната година (2025):3 | | | | | | | | 3.700.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 3 | | | | | | | | | 5.170.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 3 | | | | | | | | | | 5.170.000 |
| Вкупно за резултат 1:9 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 3.700.000 | 5.170.000 | 5.170.000 |

Резултат 6 План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за надомест на лекарската комисија по донесени наоди и мислења во првостепена постапка, бањско и климатско лекување, персонален данок и придонеси по основ на склучен договор за дело. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 200.000 | 670.000 | 670.000 |
| Вкупно активности во тековната година (2025):1 | | | | | | | | 200.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 1 | | | | | | | | | 670.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 1 | | | | | | | | | | 670.000 |
| Вкупно за резултат | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 200.000 | 670.000 | 670.000 |

| 1:3 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | |
|---|---|
| Назив на Потпрограмата: **Заштита на носители на партизанска споменица и на корисниците на материјално обезбедување** | **Цел на Потпрограмата:**<br>❖ Обезбедување годишно закрепнување на носителите на партизанска споменица;<br>❖ Подигање на материјалниот стандард на учесниците од НОБ во СФРЈ и<br>❖ Здравствена заштита на неосигурените лица по друга основа на учесниците од НОБ во СФРЈ. |
| **Показатели за успех на Потпрограмата:**<br>• Правата на носителите на „Партизанска споменица 1941„ остварени во рок, обем и начин, утврден согласно со Закон;<br>• Подигнат материјален стандард на учесниците од НОБ во СФРЈ преку обезбедување годишно закрепнување на носителите на партизанска споменица и<br>• Обезбедена здравствена заштита на учесниците од НОБ во СФРЈ. | |

Очекувани резултати од Потпрограмата:
Повисок животен стандард и квалитет на живот, унапредени и остварени на права и услуги за носители на партизанска споменица и на корисниците на материјално обезбедување

| | |
|---|---|
| **Резултат 1:**<br>Исплата на средства за годишно закрепнување, како и надоместок на трошоци за погреб на носителите на | **Показател на успешност**<br>-Број на донесени решенија<br>- % на првостепени решенија за надоместок за годишно |

| | |
|---|---|
| партизанска споменица. | закрепнување<br>- % на првостепени решенија за надоместок на трошоци за погреб на носителите на Партизанска споменица од вкупен број на првостепени решенија, |
| **Резултат 2:**<br>Обезбедување услови за одбележување, уредување и одржување на гробови и гробници на паднати борци погребани на територија на Република Северна Македонија. | **Показател за успешност:**<br>- Датум на донесување на Програма за обезбедување на потребни средства за уредување и одржување на гробови и гробници на паднати борци на територија на РСМ |
| **Резултат 3:**<br>Остварување и исплата на право на материјално обезбедување по основ на учество во НОВ, еднократна парична помош во случај на елементарна непогода, влошена здравствена состојба, во случај на смрт, додаток за нега и помош, здравствено осигурување и заштита и сместување во установа-дом. | **Показател на успешност**<br>-Број на донесени решенија,<br>- % на првостепени решенија за остварување на право на материјално обезбедување на учесниците од НОВ од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за еднократна парична помош за корисници на материјално обезбедување во случај на смрт, елементарни непогоди и поради влошена здравствена состојба од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за додаток на нега и помош и сместување во установа – дома за корисници на право на материјално обезбедување од вкупен број на првостепени решенија,<br>-% на првостепени решенија за остварување на право на здравствено осигурување на корисници на право на материјално обезбедување од вкупен број на првостепени решенија |

**Б: План за спроведување на Потпрограмата**

Резултат 1: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | почеток | Крај | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата на правото на надоместок за годишно закрепнување на носителите на партизанска споменица | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 150.000 | 200.000 | 200.000 |
| 2.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за надомест на трошоците за погреб на починат носител на партизанска споменица. | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 150.000 | 200.000 | 200.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вкупно активности во тековната година (2025):2 | | | | | | | | 300.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 2 | | | | | | | | | 400.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 2 | | | | | | | | | | 400.000 |
| Вкупно за резултат 1: | 6 | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 300.000 | 400.000 | 400.000 |

Резултат 2: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Донесување на Програмата за одбележување, уредување и одржување на гробови и гробници на паднати борци погребани на територија на Република Северна Македонија | УПБВИ | Влада на РСМ | 12/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | / | / | / |
| Вкупно активности во тековната година (2025):1 | | | | | | | | / | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 1 | | | | | | | | | / | |
| Вкупно активности во година (2027): 1 | | | | | | | | | | / |
| Вкупно за | 3 | | 12/2025 | 12/2027 | | | | / | / | / |

| резултат 1: | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

Резултат 3: План за спроведување

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка (месец/година) | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | почеток | Крај | човечки | | | финансиски МКД | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за право на материјално обезбедување на учесниците во НОВ | УПБВИ | ПИОМ | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 7.000.000 | 9.000.000 | 9.000.000 |
| 2.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за еднократна парична помош за корисниците на | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 800.000 | 1.000.000 | 1.000.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| материјално обезбедување во случај на смрт, елементарни непогоди и поради влошена здравствена состојба | | | | | | | | | | |
| 3.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија за додаток на нега и помош и сместување во установа-дом, за корисници на материјално обезбедување | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 1.500.000 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| 4.Водење на постапка за остварување и исплата по основ на донесени решенија на правото на | УПБВИ | | 1/2025 | 12/2027 | 1 | 1 | 1 | 2.058.000 | 6.500.000 | 6.500.000 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| здравствено осигурување на корисниците на материјално обезбедување (придонес за здравствено ставка 433 осигурување) | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во тековната година (2025):4 | | | | | | | | 11.358.000 | | |
| Вкупно активности во следната година (2026): 4 | | | | | | | | | 20.500.000 | |
| Вкупно активности во година (2027): 4 | | | | | | | | | | 20.500.000 |
| Вкупно за резултат 1:12 | | | 1/2025 | 12/2027 | | | | 11.358.000 | 20.500.000 | 20.500.000 |

## 3. РАЗВИВАЊЕ НА ЗАЕДНИЧКИТЕ ФУНКЦИИ НА УПБВИ

**Креирање и имплементација на социјалната сигурност на борците, воените инвалиди и на членовите на нивните семејства во РС Македонија**

УПБВИ има функција да ја креира и имплементира социјалната сигурност, преку системот на заштита на борците и на воените инвалиди и членовите на нивните семејства, согласно со постојните прописи на РС Македонија. Истата е во корелација со политиките на Министерството за социјална политика, демографија и млади, консеквентно на современите текови на живеење, која е утврдена како дејност од јавен интерес, која ја остварува државата во согласност со начелото на социјална праведност. Имено, истата се имплементира преку систем на политики, мерки и активности за спречување и надминување на основните социјални ризици на кои се изложени овие посебни категории на корисници во текот на животот. Овие политики се во корелација со:

| |
|---|
| 1)Законот за буџетите;<br>2) Фискална стратегија на Република Северна Македонија;<br>3) Националната програма за усвојување на правото на Република Северна Македонија;<br>4) Методологија за стратешко планирање на Република Северна Македонија;<br>5) Прирачник за стратешко планирање на Република Северна Македонија;<br>6) Националните развојни документи на Република Северна Македонија и<br>7) Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 103 од 18.5.2023 година)<br>8) Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија;<br>9) Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/96 и 31/16);<br>10) Законот за правата на носителите на „Партизанска споменица 1941", на лицата одликувани со орден на Народен Херој и на борците од Шпанската национално ослободителна и револуционерна војна од 1936 до 1939 година („Службен весник на Република Македонија" бр.75/'93);<br>11) Законот за материјално обезбедување на учесниците во НОВ („Службен весник на Република Македонија" бр.38/91 и 13/96) и<br>12) Закон за одбележување, уредување и одржување на гробиштата и гробовите на борците погребани на територијата на Република Македонија и во странство, како и на припадниците на странските армии од поранешните војни на територијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.13/96) и друго. |

## Стратешко планирање и подготвување на Буџетот на УПБВИ

Овие две функции, се покриени од страна на два сектори во Министерството за социјална политика, демографија и млади: Секторот за стратешко планирање, каде се опфатени планирање и развој на политики, како и мониторингот на имплементираните политики и програми и Секторот за финансиски прашања, каде што се координира подготвувањето на буџетот, согласно со мерките и активностите предвидени во Стратешкиот план, кои се во функција на остварување на стратешките приоритети и сите надлежности на во Министерството за социјална политика, демографија и млади, во корелација со политиките на Владата на Република Северна Македонија.
УПБВИ не располага со посебна организациона поставеност и човечки ресурси од ваков карактер.

## Управување со човечки ресурси /Управување со информатички технологии/Внатрешна ревизија и Правни општи и заеднички работи[3]

Изработил: Д-р Зоран Вучев, раководител на одделение
Контролирал: Елена Манчева, помошник раководител на сектор
Одобрил: Зихра Мемети, раководител на сектор
Согласен: Fatmir Sabriu, државен секретар

[3] Со оглед дека УПБВИ е орган во состав на МСПДМ, управување со човечки ресурси ,управување со информатички технологии, внатрешна ревизија, правни општи и заеднички работи и принципот на правична застапеност се применува на ниво на МСПДМ, види во Стратешки план на МСПДМ за фискален период 2025-2027 година.